ООУ "КОЧО РАЦИН"

1948 - НОВ ДОЈРАН

# Развојна програма

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# „КОЧО РАЦИН“ - НОВ ДОЈРАН

**ОПШТИНА ДОЈРАН**



**за период од 2021 до 2025 година**

**Дојран, јуни 2021 година**

## Преамбула

Врз основа на член 49 став (1),(2) и (6) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19), и Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работата на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година.

## СОДРЖИНА

**Вовед** ........ 5

**1. Податоци за основното училиште** ........ 6

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште ........ 6

1.2. Историјат на основното училиште ........ 7

1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта........ 8

**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште** ........ 9

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка ........ 9

2.2. Работен стаж на вработените ........ 9

2.3.Простор ........10

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“........11

2.5. Материјално-финансиско работење на училиште ........13

**3. Подрачје на работа на основното училиште - наставен план,проширена програма и друга воспитно-образовна работа** ........14

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години** ..15

4.1. Самоевалуација на основното училиште ........15

4.2. Интегрална евалуација на основното училиште........22

**5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)** ........32

**6. Мисија и визија на основното училиште** ........34

**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период** ........35

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите** ........40

**9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.** ........41

**10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште** ........42

**11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште** ........43

**12. Заклучок** ........44

**13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште** ........45

**14. Користена литература** ........46

## Вовед

Развојната програма на ООУ „Кочо Рацин“е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се сфати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлеува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат.

Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Јасно е дека развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

Развојната програма на училиштето изготвена е врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето и Самоевалуација на училиштето за период 2018-2020 година.

Во текот на учебната 2020/21 е реализирана самоевалвација на училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување, а во месец декември 2018 година е реализирана интегрална евалвација на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Кочо Рацин“ |
| Адреса | ул. Моша Пијаде бр. 14 |
| Телефон | 034 / 227 - 234 |
| Место, општина | Нов Дојран, Општина Дојран |
| Веб-страница | / |
| Е-маил | kracin_dojran@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 03 јуни |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1735m2 |
| Училиштен двор(m2) | 13 225 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 5 (ПУ Стар Дојран, ПУ Ѓопчели, ПУ Фурка, ПУ Николиќ, ПУ Црничани) |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 450 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 273 |
| Број на паралелки | 23 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик и турски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Нема посебни паралелки |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2.Историјат на основното училиште

ООУ „Кочо Рацин“ е основно училиште кое е лоцирано на самиот влез во Нов Дојран, непосредно до бензинската станица МакПетрол“ и недалеку од училиштето се наоѓа Полициската станица, Здравствената амбуланта и неколку трговски друштва. Училиштето е формирано од 1944 – 1945 година и од тогаш повеќе од 50 години примерно и со успех работи на образованието, воспитанието и оформувањето на млади генерации, давајќи придонес за нивното успешно вклучување во сите текови на современиот општествен живот.

Се до 2001 година училиштето работи во старата училишна зграда, изградена од страна на самото население со доброволни акции која се наоѓа во центарот на Дојран. Од 1 – ви Септември 2001 училиштето е преселено во новата училишна зграда со што условите за изведување на воспитно – образовниот процес се видно подобрени, а со тоа и успехот на учениците. Учебната 2021/2022 година, училиштето работи со вкупно 273 ученици, кои се распоредени во 23 паралелки, предводени од 33 наставника.

Раководен орган на училиштето е директорот Мирослав Бошнаков кој е одговорен за законитоста во работењето и материјално-финасиското работење на училиштето. Основано е од страна на МОН,верификација-број на акт 09-751/1-88 од 22.09.1948 година.

Орган на управување е училишниот одбор, составен од седум члена и тоа: Претседател – Снежана Митрова, Марија Вичентијевиќ, Танжу Билалоглу, Евгенија Јованчевска, Доца Апостолова, Ивана Кочарева и Слободанка Тасева.

Стручни органи: Наставнички совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Стручни активи на наставниците.

## 1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Во реализацијата на наставните планови видлива е применатa на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Секогаш учениците се центар на нашето внимание.

Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави, ја развиваат сопствената креативност, учат за демократија, детски права и одговорности. Ја развиваат еколошката свест, стекнуваат едукативни знаења за органска храна. Сето тоа се реализира преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружење.

Училиштето се гордее со многубројните освоени награди на општинските, регионалните и државни натпревари по природни науки,биологија, хемија,математика, англиски јазик, хор и оркестар, ликовна уметност, македонски јазик и спорт. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Наставниците континуирано следат обуки, вон и во училиштето продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето.

Проекти кои се реализираат во училиштето:

Интеграција на еколошката едукација,

Проект за меѓуетничка интеграција вообразованието,

Проект„Ненасилно однесување воучилиштето“,

Проект„Антикорупциска едукација на учениците“,

Проект Erasmus + “Stories and Storytelling”,

Проект Erasmus + “Magical Power of Stories”,

Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младинска вклученост на Општина Дојран

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ МТСП, МИОА, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР,Сектор за малолотничка деликвенција, Здружение Совет за грижи и воспитување на децата.

Со невладини граѓански здруженија училиштето соработува со USAID, OBSE, Инклузива, Чекор по чекор, итн.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | VIII | VII - 2 | VII - 1 | VI | V | IV |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 17 | / | / | 15 | 2 | / | / |
| | Предметна настава | 16 | / | / | 14 | 2 | / | / |
| Раководен кадар | Директор – Мирослав Бошнаков | | / | / | 1 | / | / | / |
| Стручни соработници | Педагог – Жаклина Кречева | | / | / | 1 | / | / | / |
| | Психолог – Стефани Шапкарова | | / | / | 1 | / | / | / |
| | Дефектолог – Сања Тентова | | / | / | 1 | / | / | / |
| Административни службеници | Секретар – Марија Божичковиќ | | / | / | 1 | / | / | / |
| Помошен и технички кадар | Хигиеничари | 7 | / | / | / | / | / | 7 |
| | Хаус мајстор | 1 | / | / | / | / | 1 | / |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 5 | 9 | 2 | / | / | / |
| Од 10 до 20 години | 3 | 5 | / | / | 4 | / |
| Од 20 до 30 години | 8 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Повеќе од 30 години | / | 1 | / | / | 3 | / |
| Вкупно | 16 | 17 | 3 | 1 | 8 | 1 |

## 2.3.Простор

| Простор | | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Училници | Централно | 4 | 56 м² | 3 | Потреба од повеќе училници |
| | ПУ С. Дојран | 3 | 48 м² | 4 | |
| | ПУ Николиќ | 2 | 30 м² | 1 | Потреба од повеќе училници |
| | ПУ Фурка | 3 | 25 м² | 3 | |
| | ПУ Црничани | 2 | 30м² | 3 | |
| | ПУ Ѓопчели | 2 | 28м² | 5 | |
| Кабинети | | 9 | 56 м² | 3 | |
| Библиотека | | 1 | 23 м² | | |
| Медиотека | | / | / | / | |
| Читална | | / | / | / | |
| Спортска сала | | 1 | 650 м² | 5 | |
| Канцеларии | | 6 | 16 м² | 4 | |
| Училиштен двор | Централно | 1 | 13225 м² | 3 | |
| | ПУ С. Дојран | 1 | 2860м² | 4 | |
| | ПУ Николиќ | 1 | 3257м² | 5 | |
| | ПУ Фурка | 1 | 2534 м² | 5 | |
| | ПУ Црничани | 1 | 1128м² | 5 | |
| | ПУ Ѓопчели | 1 | 800м² | 4 | Потреба од реконструкција |
| Заеднички простор за прослави | | 1 | 130 м² | 3 | Потреба од реконструкција |
| Кујна | | 1 | 24 м² | 3 | |
| Трпезарија | | 1 | 77 м² | 3 | |
| Друго | | / | / | / | |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Македонски јазик – одделенска | ИКТ опрема / Нагледни средства изработени од наставниците и учениците / Училишна табла / Проектор | Зголемување на библиотечен фонд / Нагледни средства / Смарт табла / Едукативни игри / Сложувалки / Букварки |
| Македонски јазик - предметна | ИКТ опрема / Нагледни средства изработени од наставниците и учениците / Училишна табла / Проектор | Зголемување на библиотечен фонд / Нагледни средства / Смарт табла / Едукативни игри |
| Англиски јазик - одделенска | Комплети за наставници во недоволен број (Флеш карти и постери) од стари (неважечки учебници) | Нагледни средства (Постери и флеш карти) / Кукли за изведбени активности / Играчки |
| Англиски јазик - предметна | Смарт табла / Комплети за наставници во недоволен број (Флеш карти и постери) од стари (неважечки учебници) / Училишна табла / Проектор / Речници | Нагледни средства (Постери и флеш карти) |
| Француски јазик - предметна | ИКТ опрема / Комплети за наставници во недоволен број (Флеш карти и постери) од стари (неважечки учебници) / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Математика - одделенска | 2 Д и 3 Д форми / Нагледни средства и реквизити / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства |
| Математика - предметна | 2 Д и 3 Д форми / Нагледни средства и реквизити / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Природни науки - одделенска | ИКТ опрема / Нагледни средства / Опрема за експерименти / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Природни науки - предметна | Смарт табла / ИКТ опрема / Нагледни средства / Опрема за експерименти / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства |
| Општество - одделенска | Општествени карти / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Физика - предметна | ИКТ опрема / Опрема за експерименти / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Историја - предметна | Смарт табла / Училишна табла / Проектор / Историски карти | Нагледни средства |
| Географија - предметна | ИКТ опрема / Географски карти / Училишна табла / Проектор | Нагледни средства / Смарт табла |
| Биологија - предметна | Смарт табла / Училишна табла / Проектор / Нагледни средства / Опрема за експерименти / Скелет | Нагледни средства |

| | | |
|---|---|---|
| Хемија - предметна | Смарт табла / Училишна табла / Проектор / Нагледни средства / Опрема за експерименти | Нагледни средства |
| Ликовно образование - предметна | Училишна табла | Нагледни средства / Смарт табла / Штафелај |
| Ликовно образование - одделенска | Училишна табла | Нагледни средства / Смарт табла / Штафелај |
| Музичко образование - предметна | Клавир / Други инструменти / Звучници | Нагледни средства / Смарт табла / Инструменти |
| Музичко образование - одделенска | Инструменти / Звучна опрема | Нагледни средства / Смарт табла / Инструменти |
| ФЗО - предметна | Спортска опрема и реквизити | Нагледни средства / Спортска опрема и реквизити |
| ФЗО - одделенска | Спортска опрема и реквизити | Нагледни средства / Спортска опрема и реквизити |
| Работа со компјутери - одделенска | ИКТ опрема | Нагледни средства / Смарт табла / Компјутер за секое дете |
| Информатика - предметна | ИКТ опрема | Нагледни средства / Смарт табла |
| Техничко образование - одделенска | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства / Опрема за усовршување на вештини |
| Техничко образование - предметна | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства / Опрема за усовршување на вештини |
| Етика | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства / Смарт табла |
| Граѓанско образование | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства |
| Иновации | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства |
| Класична култура | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства |
| Истражување на мојот роден крај | Нагледни средства / Училишна табла | Нагледни средства |
| Вештини на живеење | Нагледни средства / Училишна табла | / |
| Хор и оркестар | Инструменти / Звучна опрема | / |
| Танци и ора | Инструменти / Звучна опрема | / |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Материјално-финансиско работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- 72301 08133 903 19 општинска сметка-блок дотации
- 72301 08133 787 14 сопствени приходи-самофинансирачки активности

Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план, за финансирање од страна на основачот –Општина Дојран кој се доставува во тековната година за наредната година.

Предлог -финансовиот план за 2021 година за двете сметки го разгледува Училишниот одбор и истиот го предлага во декември 2020 година, а го усвојува Советот на Општината.

Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2021 година за 2020 година и училиштето ги доставува до надлежните институции . Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните услови за работа на училиштето.

## 3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Општинското основно училиште основано е од МОН09-751/1-88 од 22.09.1948 година. Бројот на ученици во изминатите четири години се движи околу 270ученици со тенденција на мало намалување и во сите четири години учениците биле распоредени во 23 паралелки.

Во нашето училиште се реализира и проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

Во училиштето не се организира продолжен престој.

Училиштето активно организира и реализира вонннаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуација на основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Во училиштето се реализираат наставните планови и програми донесени од МОН и БРО.<br>Учениците можат да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми преку нивната активност, заинтересираност и мотивираност.<br>Родителите можат да влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители, родителски средби, со свои предлози, донации.<br>Училиштето ја прилагодува работата според потребите и има разработени насоки за спроведување на целите; исто така, училиштето нуди повеќе изборни предмети , особено преку реализацијата на воннаставни активности – преку коишто и се промовираат постигањата на училиштето и во училиштето се вклучени ученици кои имаат посебни образовни потреби. Изворите на податоците за вториот индикатор покажаа дека: се почитува родовата и етничката рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала; се интегрираат потребите на локалната средина и меѓупредметните цели во курикулумите. Констатирано е дека досега не се јавила потреба од покренување иницијатива за измени дополнувања на истите. Според третиот индикатор за квалитет: училиштето планира и реализира воннаставни активности со цел за личен и социјален развој на учениците; учениците се вклучуваат по сопствен избор (според анкетите и интервјуата со учениците); учениците добиваат целосна поддршка за афирмација преку манифестации, натпревари и други видови воннаставни активности. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност (и по јазикот на наставата), по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.<br>Следењето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на наставниот процес. Учениците задолжително сумативно се оценуваат двапати во едно полугодие. Евидентните листови се даваат на увид на родителите-старателите на учениците.<br>Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето,за учениците со посебни образовни потреби изработуваат ИОП, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во |

| | |
|---|---|
| | текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава и слободни ученички активности за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.<br>За подобрување на постигањата на учениците во училиштето се одржува дополнителна и додатна настава за сите ученици од сите националности. За таа цел на видно место е истакнат распоред за редовно одржување на додатна и дополнителна настава по сите наставни предмети најкасно до 20 септември за тековната учебна година. Од увидот на училишните дневници констатирано е дека дополнителната настава се одржува со ученици кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети, додека додатната настава сите наставници ја реализираат според планот и програмата во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. |
| Учење и настава | Во однос на третото клучно подрачје **Учење и настава**се евалуираше според шест индикатори за квалитет: *Планирање на наставниците ( добро);*<br>*Наставен процес (добро);*<br>*Искуства на учениците од учењето ( добро);*<br>*Задоволување на потребите на учениците (добро); Оценувањето како дел од наставата (многу добро); Известување за напредокот на учениците (многу добро)*. Истражувањата, следењата и набљудувањата покажаа дека: училиштето има пропишани приоди за следење на наставата од страна на стручната служба; сите наставници редовно изготвуваат годишни, а некои наставници имат изготвено тематски-процесни планирања, со точно утврдени цели и исходи од учењето; наставниците планираат во рамките на стручните активи (со примена и на ИКТ,ЕКО,МИО) меѓутоа стручните активи не се активни и корелацијата меѓу нив не постои; распоредот на часови е навреме изготвен и истакнат во соработка со наставниците и стручните служби,но бидејки повеќе од наставниците патуваат и предаваат во две училишта распоредот беше правен во интерес на наставниците, а не на учениците. Наставниот процес е индикатор кој е оценет со *добро* заради забалежување на некои слаби страни коишто постепено во праксата се елиминираат, што значи: се користат разновидни наставни форми и методи, но приодите на наставниците не резултираат подеднакво кај сите ученици заради користење на исти приоди на работа (потребни се промени во приодите); изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) не секогаш им овозможува на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата; постои интеракција меѓу наставниците и учениците, но не сите наставници секогаш ги запознаваат учениците со целите и очекуваните исходи од наставата; сите наставници се |

| | |
|---|---|
| | однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемност и почитување.<br>Училиштето во Годишната програма ја планира процедурата за следење на наставниот процес.Задоволувањето на потребите на учениците се врши со постојана идентификација на образовните потреби на учениците од страна на стручната служба и наставниот кадар, а се користат и разни техники во процесот на поучување, со што се подигнува мотивацијата кај учениците за учење. Оценувањето како дел од наставата ги содржи темите:<br>Училишна политика за оценување;<br>Методи и форми на оценување и<br>Користење на информациите од оценувањето во наставата. Во истите се запазени критериумите за нивото *многу добро* според обработените извори на податоци. Известувањето за напредокот на учениците има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца, што значи дека на родителите им се дава повратна информција, но од нив и се бара истата за да се согледаат постигањата и напредокот на нивните деца.<br>Слаби страни:<br>Поедини стручни активи поради малиот број на наставници не се активни и корелацијата мегу нив не постои; како и споделување тимска работа помеѓу наставниците е слаба страна. |
| Поддршка на учениците | Во однос на четвртото клучно подрачје **Поддршка на учениците**се евалуираше според четири индикатори за квалитет се оценети со ниво *добро*, а тоа се:<br>*Севкупна грижа за учениците (добро);*<br>*Здравје (многу добро);*<br>*Советодавна помош за понатамошно образование на учениците (многу добро) и*<br>*Следење на напредокот ( добро)*.<br>Севкупната грижа за учениците ги исполнува критериуми на добро ниво со средно ниво на достигнување во однос на: заштита од физички повреди и елементарни непогоди (училиштето задоволува стандарди на заштита); превенцијата од насилство, заштита од пушење, алкохол и дрога (со извршени предавања и едуцирање на учениците; како и пишаните процедури за регистрирање и навремено елиминирање на вакви појави); пропишаните процедури за заштита на учениците и посебниот и внимателен пристап на училиштето; обезбедуваат и материјални средства за социјално загрозените семејства и ученици, а пропишаните процедури (со набљудување) со уверување, се спроведуваат целосно во практика. Во однос на здравјето, во училиштето се води хигиена за заштита од болести, спроведувајќи ги сите медицински третмани и нормативи за заштита на децата и превенција од болести (училиштето има изготвена програма за превенција од заразни болести); а успешно се спроведуваат и проектите за вакцинација од ХПВ и се реализираат редовни здравствено-едукативни предавања. Според третиот индикатор за квалитет, се пружа постојана и професионална помош при избор на занимањето за понатамошно образование на учениците или нивно доусовршување; а училиштето има и пропишани процедури |

| | |
|---|---|
| | за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални потешкотии (постои сорботка со здравствените установи, центарот за социјална работа, полицијата и други релевантни институции). Во однос на следење на напредокот на учениците се води целосна и уредна евиденција за посигањата, редовноста и поведението на секој ученик; а настаниците подготвуваат редовни комплетни извештаи и анализи за своите паралелки во сите квартали од учебната година.<br><br>**Јаки страни :**<br><br>Во централното училиште има помошен излез и на тој начин во услови на пожар и други елементарни непогоди животот и здравјето на учениците не се загрозени<br>Во сите подрачни училишта како и ви централното има ПП- апарати<br>Училиштето изготвено план за противпожарна заштита.<br>Во центалното училиштето имаме поставено безбедносни камери.<br><br>**Слаби страни:**<br><br>Немаме служба за обезбедување.<br>По завршувањето на основното училиште одделение да се следат постигањата на учениците во понаташното школување.<br><br>**Предлог мерки:**<br><br>Директорот во планот за јавни набавки и измените на финансискиот план да обезбеди средства за рампи за деца со посебни потреби и нивен приод во училиштето.<br>Стручната служба да го следи напредокот на учениците и преку анализи да се утврдуват причините за евентуални големи отстапувања на успехот на учениците во понатамошното школување. |
| Клима во училиштето | Во однос на петтото клучно подрачје **Училишна клима и односи во училиштето**се обработени следните индикатори за квалитет:<br>*Училишна клима и односи во училиштето (многу добро);*<br>*Промовирање на постигањата ( добро);*<br>*Еднаквост и правичност (многу добро);*<br>*Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ( добро)*.<br>Угледот и имиџот на училиштето во последните неколку месеци е препознатливо по високиот квалитет на работа, како и остварувањето на визијата и мисијата на училиштето;<br>Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето, но и пишани процедури во случај на прекршување на истите; исто така, училиштето води политика за взаемно почитување и создавање училишна клима за професионална соработка меѓу вработените; дисциплината на учениците задоволува и е добра; а учениците се навремено информирани за сите работи и |

| | |
|---|---|
| | можат да донесуваат одлуки во врска со истите. Училиштето посебно става голем акцент на постигањата на сите ученици со цел унапредување на истите преку примена на стандардите за постигање на учениците во наставата; со пофалби и награди учениците се мотивираат (до израз посебно доаѓаат при организирање на културно-уметничките програми и нивно учество во нив);<br>Училиштето го поттикнува наставниот кадар за постигнување успеси на локално, регионално ниво како и на државно ниво каде имаме во областа на спортот,природни науки,хемија,регионални и државни натпревари по математика освоени прво место крос женски и машки (натпревари и сл.). Еднаквоста и правичноста е во голема мера застапено особено и поради фактот за мешаниот состав на учениците во паралелките, а заради што нема предрасуди и развој на стереотипи. Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата и подеднакво се однесуваат кон сите ученици; Се почитуваат и негуваат културните вредности и традицијата, и позитивно се вреднуваат и промовираат етничките, културните, верските и јазичните разлики (затоа што кај нас речиси и да не постојат вакви разлики, бидејќи децата се учат на правичност и еднаквост – без дискриминација меѓусебе). Последниот индикатор од ова подрачје покажа *добро* ниво во однос на партнерскиот однос на училиштето со родителите, соработката со локалната заедница, со деловната заедница и невладиниот сектор, за што училиштето презема постојани активности со користење на ефективни методи; соработката со локалната и деловната заедница е конструктивна и постојана.<br><br>**Слаби страни:**<br><br>Училиштето нема сопствена веб страна за поголема промоција на сопствените активности и самото себе.<br>Соработката со родителите е мала,а партнерскиот однос постои но треба во поголема мера да се јакнат релациите наставник- родител, ученик(училиште ) или пак релацијата училиште -семејтво и меѓусебна соработка –поголема .<br><br>**Предлог мерки:**<br><br>Во училиштето да се изработи пано со слики и податоци за првенците на генерација.<br>Во училиштето да се истакнуваат успешни трудови од учениците на видни места.<br>Училиштето да изработи билтен или брошура во која ќе ги промовира своите постигања и активности.<br>Соработката со родителите да се подигне на повисоко ниво преку индивидуални и колективни средби.<br>Да се потикне работата на Советот на родителите преку заеднички активности и дружења заедно со учениците, наставниците и родителите. |
| Ресурси | Во однос на шестото клучно подрачје **Ресурси** се евалуираа:<br>*Сместување и просторни капацитети (многу добро);*<br>*Наставни средства и материјали (многу добро);*<br>*Обезбедување на потребниот наставен кадар (добро);* |

| | |
|---|---|
| | *Следење на развојните потреби на наставниот кадар (добро);*<br>*Финансиско работење во училиштето (многу добро)*.<br><br>Училиштето во с. Николиќ е оградено и хорти културно е уреден училишниот двор.<br>Училиштето во с. Црничани е оградено со нова порта, изградено е спортско игралиште во училишниот двор.<br>Во ПУ Ѓопчели е изградена нова училишна зграда и поседува спортско игралиште.<br>Во централното училиште е хорти културно оплеменет училишниот двор со поставување на канти за отпад,клупи за седење,фонтана и сл..<br>Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети, а наставниците имаат пристап и до интернет; а библиотеката располага со повеќе од 12000 книги, но сепак, училиштето имаше навистина голема потреба од обезбедување на лектирни изданија и слободна ученичка литература која исто така е набавена;<br>Училиштето секогаш и навремено обезбедува потрошен материјал.<br>Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, согласно со нормативите; а при распределбата на кадарот се земаат квалитетите, искуството.Училиштето има стручна служба која планира и им помага на наставниците да ги спроведуваат активностите. Во однос на професионалниот развој на наставниците има соодветна програма и стратегии (и менторство); наставниците редовно учествуваат на обуки и семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието. Финансиското работење на училиштето е во согласност со законските норми, а училиштето континуирано и во целост ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето; буџетот се користи наменски и за креативни цели – за подобрување и осовременување на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина. |
| Раководење, управување и креирање политики | Во однос на седмото и последно клучно подрачје **Управување, раководење и креирање политика** се евалуираше според следниве индикатори за квалитет: *Управување и раководење со училиштето;*<br>*Цели и креирање на училишната политика со (многу добро); и*<br>*Развојно планирање со (добро)* се оценети со *добро*. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Училишниот одбор своето работење континуирано го изложува во електронска и писмена форма. Раководниот орган ги извршува своите законски обврски професионално и со јасни визии за напредокот на училиштето и тимската работа во него. Целите на креирање на училишната политика се јасно прецизирани и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика; вработените пак, активно учествуваат во креирањето и остварувањето на целите, а се земаат и мислењата на родителите и учениците. Развојниот |

| | |
|---|---|
| | план треба јасно да ги прикажува мисијата, визијата и вредностите на училиштето, со постоечките акциски планови за поставените цели. Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниците и има воспоставено систем за десиминација. Нагледните средства се во функција и оптимално се користат, а училиштето постојано обезбедува средства за нивно континуирано одржување; исто така, постојано и континуирано се ревидира планот за осовременување на инфраструктурата којашто е во приоритетите на училиштето, а обезбедува и наменски средства за инвестирање во истата; воспоставен е и систем и редовна соработка со локалната самоуправа и заедница за подобрување и осовременување на инфраструктурата, се со цел за подигнување на стандардите на образование во нашето училиште и промовирање на постигањата на учениците преку унапредување на постигањата со покажан квалитет на знаењата и напредок во воспитно-образовниот процес.<br><br>**Јаки страни:**<br><br>Училиштето има изготвено Развоен план.<br>Целите на креирање на училишната политика се јасно прецизирани и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниците и има воспоставено систем за десиминација. |

## 4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Во ООУ „Кочо Рацин“ Нов Дојран воспитно - образовната работа се реализира според наставните планови и програми за основно деветгодишно образование и истите се во согласност со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образование и одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија.<br>Задолжителната и изборната настава се реализира по обем и динамика, согласно наставните планови и програми, без отстапувања.<br>Од прво до деветто одделение учениците по наставните предмети математика и природни науки следат настава по нови наставни програмипревземени и адаптирани од наставните програми на Кембриџ.<br>Наставниците на почетокот на учебната година ги запознаваат учениците со соодветниот предмет, содржините, целите и задачите на наставната програма која ќе се реализира во тековната учебна година. Родителите за нив се информирани на состаноци на родителските средби и од брошура за родители.<br>Изборната настава е застапена согласно наставниот план и програма.<br>За учениците со посебни потреби кои се вклучени во редовната настава, училиштето има формирано инклузивен тим од пет члена и програма за работа на инклузивниот тим (дел.бр.09-372/1 од 12.11.2018 година) во која се вклучени стручната служба, наставниците и родителите на децата со посебни образовни потреби.Координатор на инклузивниот тим е дефектологот на училиштето Секој ученик со посебни образовни потреби (ПОП) има конкретен инклузивен тим за изработка на индивидуален образовен план (ИОП) во кој се вклучени стручната служба, наставниците и родителите на децата со посебни образовни потреби.<br>Училиштето има разработено насоки за интегрирање на општите (меѓупредметни) цели во сите наставни програми ( развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на РМ како мултикултурно општество).<br>Во состав на Годишната програма на училиштето е и Програмата за заштита на децата /учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиштето и донесен акционнен план за реализација на истата.<br>Училиштето е вклучено во „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“ (МИО). Има изработено програма за работа која содржи реализирани самостојни активности од прво до деветто одделение во наставата и Образование за животни вештини (ОЖВ).<br>Со партнер училиштето ООУ„Ристо Шуклев“ Негорци каде наставата се одвива на мекедонски наставен јазик се организирале и реализирале заеднички активности на тема ,,Подај рака за еднаквост“ на 08.11.2018 година донесен е и акционен план за индивидуална проектна активност и програма за |

| | |
|---|---|
| | мултиетничка интеграција во образованието за 2018/19 година.<br>Училиштето е партнер и со ООУ „Гоце Делчев“ Св.Николе, но до сега нема реализирано активности.<br>Во рамки на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ наставниците во своите годишни и тематски планирања вршат интеграција на содржини од областа на еколошката едукација.<br>На часовите по Граѓанско образование и Образование за животни вештини се врши<br>вградување на меѓупредметните цели: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Македонија као мултикултурно општество.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2018/2019 планирани се воннаставните активности кои служат за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците и истите се реализираат. Вклучувањето во воннаставните активности се врши според интересот и афинитетите на учениците.<br>Воннаставните активности се планирани да се реализираат преку следните дидактички форми: Слободни ученички активности, грижа на училиштето за здравјето на учениците, производна и друга општествено-корисна работа, ученички ескскурзии, ученички натпревари, соработка со локалната заедница.<br>Во состав на слободните ученички активности под менторство на наставници планирани се и работат неколку видови секции.<br>Во училиштето се организираат едукативни програми, предавања за превентивна заштита од болести на зависност, редовно вакцинирање и прегледи, се води грижа за здравјето на учениците.<br>Во училиштето се организираат училишни натпревари по повеќе наставни предмети а најдобрите ученици учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари зависно од постигнатите резултати.<br>Во училиштето се организираат училишни натпревари по повеќе наставни предмети а најдобрите ученици учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари зависно од постигнатите резултати.<br>Учество може да земат сите заинтересирани ученици. Училиштето има евиденција за имињата на учесниците кои го промовираат училиштето и истите потоа дополнително се наградуваат.<br>Училиштето планира и учество на повеќе манифестации како во локалната средина, така и надвор од неа.<br>Соработкатасолокалнатасредина се планира и реализира соактивновклучувањенаучилиштетовосрединатакадештоелоцирано и пошироко соинформирањезапостигнатитерезултати, состојбиипроблеми, какоиразнивидовисоработка содругивоспитно–образовниустановииинституцииодобластанакултурата, стопанствотодоразниорганииорганизации.<br>Ученичката заедница на ниво на училиште во планирањата е насочена кон реализирање на активности со општествено корисен карактер, забава и рекреација, грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците. Работата на ученичката заедница на ниво на училиште и одделение задоволува. |

| | |
|---|---|
| | Работата со надарени - талентирани ученици, се реализира преку додатната настава која е помалку застапена за разлика од дополнителната настава.<br>Училиштето има изготвено интерен Правилник за видовите пофалби и награди на учениците бр.01-85/1 од 17.02.2015 година.<br>Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб „Дојран“ од Нов Дојран кој работи активно. Училишниот спортски клуб е регистриран со деловоден број од Централниот регистар на РМ. 30620110009882 и дата на основање 01.12.2011 година. |
| Постигнувања на учениците | Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ Нов Дојран располага со податоци за постигањата на учениците, по основ на возраст, пол и јазик на кој се изведува наставата. За постигнатите резултати на учениците училиштето изготвува извештаи, анализи, информации. Се вршат анализи и истражувања при премин на учениците од еден во друг период. Во извештаите се содржани показатели за постигањата на учениците за последната учебна година, како и споредбена анализа за последните три учебни години.<br>Компаративните податоци за последните четири учебни години во однос на извршената интегрална евалуација укажуваат дека средниот успех на ниво на училиште е многу добар, а по учебни години состојбата е следната:<br>1.учебна 2017/18 изнесува 4,44<br>2. учебна 2018/19 изнесува 4,19<br>3. учебна 2019/20 изнесува 4,06<br>4. учебна 2020/21 изнесува 3,89<br>Во училиштето соодветно, инклузивно, се опфатени две деца со посебни воспитно образовни потреби кои работат по индивидуални образовни планови според сопствените способности и можности.<br>Постигањата на учениците, успешно се презентираат на разни пригоди и поводи, во училиштето, локалната средина и републиката.<br>Учениците учествуваат на приредби, разни натпревари, организирани на општинско, регионално и државно ниво..<br>Во последните четири учебни години учениците имаат учествувано на: регионални и државни натпревари каде се освоени на регионално 3 втори места и 7 трети места, на државно ниво освоени се 1 второ и 1 трето место. Неколку ученици се пофалени според постигнатите резултати на натпреварите.<br>Секоја година, според критериуми утврдени со Правилникот бр.01-83/1 од 17.02.2015 година се избира најдобриот ученик на ниво на училиште – ученик на генерацијата. Соодветната пригодна награда се доделува јавно и свечено на патрониот празник или на завршната свеченост при доделувањето на свидетелствата на учениците.<br><br>**Задржување и осипување на учениците**<br>Училиштето навремено ги превзема сите законски дејствија за запишување на учениците во прво одделение, како и на деца со посебни образовни потреби. Опфатот на учениците од реонот е целосен и е во законски утврдените рокови. Училиштето има договорен систем за опфатот на ученици од основното во средното образование.<br>Училиштето ја следи редовноста на учениците, бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците и ги |

| | |
|---|---|
| | анализира причините кои доведуваат до ваквите состојби и изготвува извештај за редовноста според родова припадност. Од спордбените анализи за изостаноците на учениците (оправдани и неоправдани) може да се констатира дека дека вкупниот бројот на изостаноци постојано расте, со тоа што во учебната 2015/16 година иа 22 изостаноци по ученик, учебна 2016/17 година има 21,1 изостанок поученик и во учебната 2017/18 година бројот е зголемен на 24,8 изостаноци по ученик. Мерките што ги превзема училиштето не се ефективни да се намали бројот на изостаноците на учениците.<br>Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Во учебната 2015/16 година реализирани се две советувања на кои присуствувале 8 родители за несоодветно однесување на учениците, за нередовност во наставата 14 родители, за намален успех 22 родители. Во учебната 2016/17 година реализирани се 2 советувања на кои присуствувале 5 родители за несоодветно однесување на учениците, за нередовност во наставата 12 родители, за намален успех 30 родители. Во учебна 2017/18 година реализирани се две советувања на кои присуствувале 5 родители за несоодветно однесување на учениците, за нередовност во наставата 11 родители, за намален успех 29 родители<br>За последните три години 2 ученика самоволно го напуштиле училиштето. Спрема родителите на тие ученици превземени се соодветни законски мерки.<br>Во училиштето се почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.<br>**Повторување на учениците**<br>Во последните три учебни години 2 ученика го повторувале одделението.Во учебна 2015/16 година со примерно оценети се 231 ученик, со добро 1 , со незадоволително 1Во учебна 2016/17 година со примерно оценети се 253 ученика, со добро 1, со незадоволително 1.Во учебна 2017/18 година со примерно оценети се 259 ученика, со добро 2 , со незадоволително 1 ученик. Родителите – старателите, учениците, навремено се запознаени со правото за поднесување на приговор, во случаите кога има незадоволство од оценувањето за постигнатиот успех на ученикот и при случај на повторување на учебната година. Во последните три години ниту еден родител – старател го нема користено правото на приговор. |
| Учење и настава | **Планирање на наставниците**<br>За реализација на наставните планови и програми по наставни предмети наставниците имаат изработено долгорочни планирања (годишно планирање), среднорочни планирања (тематски, тематско-процесни и сл.) и кратокорочни (оперативни планови за наставен час) Тие се меѓусебно поврзани и со вградени содржини од подрачјата кои се од посебен инстерес за образованието. пр:меѓуетничка интеграција во образованието, ЕКО содржини, користење на ИКТ во наставата и др. Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат и планирања за дополнителната и додатната настава, одделенскиот час, родителски средби,<br>За учениците со посебни образовни потреби, наставниците имаат изработено индивидуални образовни програми според потребите на ученикот адаптирани на нивните можности и услови во училиштето. Поддршка при изработувањето на овие програми |

| | |
|---|---|
| | наставниците имаат од дефектологот на училиштето.<br>Во рамките на постојните наставни предмети извршено е интегрирано планирања на содржини од ЕКО програмата со опфаќање на точки од акција од четирите еко-стандарди.<br>Во рамките на одделенскиот час планирани се и се реализираат содржини од МИО.<br>Наставниците изготвуваат планирања за реализација на дополнителна и додатна настава според резултатите и потребите на учениците.<br>Од поголем број наставници за вреднувањето на учениците се планира примена на повеќе инструменти, (наставни ливчиња,тестови на знаеања, чек листи,истражувања и проектни задачи и друго).<br>**Наставен процес**<br>Поголем број од наставниците во наставниот процес користат поразновидниформи и методиво реализацијата на наставата.Во зависност од карактерот на содржините применуваат работа во групи, во парови, индивидуална работа, вежби, практични активности, користење на ресурси, со примена на постојните нагледни средства и помагала.<br>Зависно од способностите на учениците, наставниците ги прилагодуваат барањата, но сепак настојуваат да се постигне потребниот минимум за учениците кои потешко напредуваат. За оние кои можат да совладат продлабочени знаења, тие планираат посебни задачи и активности. Ги насочуваат на користење друга литература, или информации од интернет.<br>Поголем број од наставниците користат разни форми за интеракција со учениците (поставување прашања, водење дискусуии, индивидуална настава, повратни информации и други методи) за поголема активност и мотивација за учество на учениците во процесот на учење. Поголем дел од наставниците им ги истакнуваат целите и очекувањата од наставата, критериумите за оценување, градат доверба и почитување на личноста, а со тоа придонесуваат за поголема активност од учениците.<br>**Искуства на учениците од учењето**<br>Просториите во училиштето ги задоволуваат сите потреби за непречено изведување и реализација на редовната настава и воннаставните активности.<br>Училниците и другиот училишен простор во училиштето претставува стимулативна средина за учење Соработката помеѓу учениците и наставниците е добра. Учениците сметаат дека поголемиот број на наставници се отворени за соработка и пружење помош.<br>Присутна е позитивна работна атмосвера која продуцира успешна интеракција меѓу наставниците и учениците. Поголемиот број наставници создаваат пријатно чувство и атмосвера за работа,<br>Поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и извлекуваат заклучоци за она што го учат.Има мал дел наставници кои не постапуваат на таков начин и не ги вклучуваат сите ученици во активностите за време на часот.Дел од наставниците не вршат идентификација на учениците во поглед на нивните потреби, афинитети и не користат соодветни методи, средства за работа со овие ученици и не ги развиваат вештините за учење кај учениците.<br>**Задоволување на потребите на учениците**<br>Идентификација на образовните потреби на учениците вршат |

| | |
|---|---|
| | самите наставници во процесот на наставата преку секојдневно следење на учениците, нивните постигања, активности, решавање на задачи и проблеми поврзани со наставната содржина која се изучува.<br>Поголем број од наставниците им ја обезбедуват потребната помош на учениците да ги работат зададените задачи, да учествуваат во активности на часот, да користат ресурси според нивните потреби и им овозможуват секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара..Во оценувањето користат поразновидни техники и методи со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.<br>Во училниците и училишните простории се обезбедува и одржува здрава и чиста животна средина за учење.<br>**Оценувањето како дел од наставата**<br>Наставниците при оценувањето поаѓаат од законските одредби, односно се врши описно и бројчано оценување според одделението и возраста на учениците. Проверувањето се врши според целите на наставната програма, преку усно, писмено проверување, но зависно од карактерот на наставниот предмет и преку проверка на изработки и практични изведби. Евидентирањето на постигањата се врши во одделенската книга, во информации и анализи на писмени проверки (тестови, контролни задачи, писмени, работи, извештаи, портфолио).<br>Оценувањето се врши на основа на Стандарди и критериуми за оценување изготвени од МОН по секој наставен предмет и според сопствен план на оценување. Според разликите во способностите на учениците, наставниците градат соодветен критериум на оценување кој треба да биде образложен и јасен за сите ученици и родители.<br>Оценувањето се изведува преку усно и писмено проверување на знаењата и вештините на учениците, потоа оценување на проекти, портфолио и извештаи.<br>**Известување за напредокот на учениците**<br>Родителите ги следаат постигањата на учениците преку организираните родителски средби, отворен ден во месецот, евидентниот лист по квартали, воведување на Е-дневникот, индивидуални средби и други форми.Во училиштето се води Е-дневникот при што родителите навреме се информирани и известени за напредувањето и редовноста на нивните деца. Родителите се известуваат и писмено за постигнатиот успех по наставни предмети на тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации по изготвена домашна работа, писмена работа, контролни задачи и тестови и изработени проекти. |
| Поддршка на учениците | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето (ходници, мебел, прозорци,) се безбедни.<br>Во училишните објекти поставени се 13 против пожарни апарати, 8 видео камери, инсталирано се 8 хидранти, со што значително се подобрува безбедноста во училиштатето. Во соработка противпожарното друштво од Општина Дојран,еднаш годишно се изведува демонстрација на ПП апаратите и нивното функционирање. Училиштето во ноќните часови не е обезбедено со чуварска служба.<br>Како превенција од насилство, училиштето има изготвено |

| | |
|---|---|
| | интерени акти, куќен ред, кодекс на однесување во кој се дефинирани правилата на однесување на сите субјекти во работата на училиштето. Во донесувањето на овие интерни акти се вклучени учениците и родителите и истите се истакнати на видно место во училиштето. Помал дел од родителите и учениците не се доволно запознати со правата и обврските утврдени со кодексот.<br>Во училиштето нема забележани појави на внесување алкохол, дрога или цигари од страна на ученици. Во врска со заштитата од пушење, алкохол, дрога и други негативни појави, училиштето за време на класниот час со децата има предвидено теми, каде што се вклучени наставници и стручната служба. Има значителен број на одржани работилници или други форми да се дејствува превентивно против овие негативни појави. Училиштето нема сознание дали од овие пороци на денешнината, ги демнат учениците по напуштањето на училиштето.<br>Училиштето има пристапна рампа за лица со физички хендикеп, но не и до катовите и нема прилагодени санитарна кабина за овие ученици. Училиштето нема социјална карта и не обезбедува помош за учениците од социјално загрозените семејства. За учениците кои доаѓаат од подрачните училиште, училиштето организира бесплатен превоз од домот до училиштето и обратно.<br>Хигиената во училниците, ходниците и санитарните јазли во централното и подрачните училишта е добра. Училиштето води сметка за заштита од заразни болести. Постои редовно организирани систематски прегледи, вакцинација и ревакцинација на учениците, и редовно спроведува ситематски и санитарни лекарски прегледи на вработените.<br>Помошта за понатамошно образование е индивидуална од страна на стручната служба и поедини предметни наставници преку идентификување на учениците кои учествуваат на доадтната настава, натпревари, потикнувајќи ги и мотивирајќи ги учениците во нивното понатамошно образование. Советодоавна помош учениците добиваат на барање на средните училишта при презентирање на нивните струки и занимања. |
| Клима во училиштето | Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците и меѓусебното почитување без разлика на половата, социјалната и етничката припадност. ги негува родовата сензитивност, мултикултурализмот. Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во поедини наставни и воннаставни активности. Поголем дел од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците и поголем дел од наставниците се идентификуваат со училиштето. Најголемот број од вработените во училиштето се горди што се вработени во ова училиште, но помал дел од наставниците со своето однесување не придонесуваат за афирмација на училиштето. Помал број наставници недоволно ја познаваат визијата и мисијата на училиштето.<br>Во училиштето постои соработка меѓу вработените и другите инволвирани во воспитно образованиот процес, но има потреба од подобрување на соработката помеѓу раководниот кадар и дел од адмонистративно техницкиот кадар. Раководниот и најголемиот дел од наставниот кадар се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосвера во училиштето. Најголемиот број на ученици се чувствуваат прифатени од возрасните во училиштето кое мислење го делат и родителите на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се води грижа за промовирање на постигањата на учениците во рамките на училиштето и во локална средина. Промовирањето се врши преку учество на разни културни манифестаци кои се организирани од училиштето и локалната заедница, фејсбук страната на училиштето и поретко преку медиуми. Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали и способности преку учество во мал број на секции од областа на слободните активности, учество на натпревари (училишни, регионални и поретко на државни). Личните трудови на учениците се истакнати во училниците и ходниците на училиштето со акцент на учениците од одделенска настава, а незначително на учениците од предметнаа настава.<br>Училиштето добро ја промовирана родовата, етничката и културната разновидност во сопствената средина како и во пошироката заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во локалната средина и пошироко преку реализирање на одредени содржини од повеке наставни предмети како и преку учество во проектот на мултикултурна и мултиетничка соработка.<br>Училиштето превзема активности за вклучување на родителите во воспитно-образовната работа на сите нивоа, но и покрај тоа, родителите во работата на училиштето се вклучени главно преку формалните органи, родителски средби, училиштен одбор и преку советот на родители. |
| Ресурси | Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, истата има тенденција на подобрување со целосна реализација на Програмата за развој на училиштето со што истите ќе соодветствуваат на современите наставни средства. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето располага со ЛЦД - проектори, принтери, скенери, микроскопи, касетофони, магнетни табли, телевизор, спортски реквизити и други наставни средства и материјали. Преку Проектот за модернизација на образованието, училиштето има набавено една интерактивна табла.<br>Училишната библиотека располага со 12 300 книги од кои 1440 се лектирни изданија за учениците од I до IX одделение и 10860 книги од различен жанр (слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци, прирачници, речници, енциклопедии и др.).<br>Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето и во доволни количини.<br>Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, со исклучок на 5 наставници кои се со несоодветно образование заеади немање на соодветен кадар. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 31 наставници ( 26 наставници се со ВСС и 5 наставници се со ВШС).<br>Од наставниот кадар 18наставника се вработени на неопределено работно време со полн фондна часови, три наставника се вработени на неопределено време со неполн фонд на часови, четири наставника се вработени на определено работно времесо полн фонд на часови и шест наставника на определено време со |

| | |
|---|---|
| | неполн фонд на часови.Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br>Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, која е оставен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2018/19 годин.<br>Од разговорите со наставниците и стручната служба, е констатирано дека постои потреба од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на нивните способности. Наставниците учествуваат на семинари организирани од страна на Биро за развој на образованието.<br>Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Редовно се спроведуваат дисеминации по реализираните обуки. Во извештајот за минатата учебна година, не се наведени кои обуки ги посетиле наставниците.<br>Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи.<br>Училиштето има донесено Финансиски планза 2018 и усвоен Извештај и Завршна сметка за 2017 година.<br>Училиштето има донесено План за јавни набавки како и измени на истиот за тековната година. Има формирано Комисија за јавни набавки и едно обучено лице за спроведување на јавни набавки со електронски аукции.<br>Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Македонија.<br>Училиштето работи со ограничени финансиски средства, односно нема можности за сопствени инвестиции и одржување на добри услови во училишните згради.<br>За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината. |
| Раководење, управување и креирање политики | Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.За регулирање на својата работа Училишниот одбор има донесено деловник за работа. Состаноците се одржуваат во согласност со програмата за работа на Училишниот одбор и одлуките се донесуваат со потребното мнозинство.<br>Орган на раководење во училиштето е ВД директор кој е назначен со Одлука на Градоначалникот на општина Нов Дојран за периор од шест месеци. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање и реализацијата на воспитно образовната работа и обезбедување на услови за нормално изведување на наставата, преку Годишната програма за работа на училиштето и сопствената програма. Вд Директор донесува одлуки кои се во негова недлежност. Вклучен е во сите активности за организација и следење на настава, изработка и реализација на проекти,соработка со институции, изработување на документи и дописи со институции. Директорот на училиштето ги идентификува слабите страни во работата на училиштето и презема активности за нивно надминување. Создава позитивна клима, а вработените немаат забелешки на раководењето со училиштето. Во своето |

| | |
|---|---|
| | работење директорот се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето. Има поддршка кај поголемиот број од наставниците и стручните соработници. Учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот како и со деловната заедница.<br>Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>Локалната образовна политика се спроведува преку активности за соработка со родителите, опфат и следење на редовност на учениците и вклучување во локални манифестации и настани.<br>Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и вонnаставни активности. Во училиштето се реализираат и насоките од Министерството за образование и наука за заеднички активности на наставниците, родителите и учениците.<br>Проекти кои се реализираат во училиштето се: “Компјутер за секое дете“, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образование, како и „Меѓуетничка интеграција во образованието“.<br>Училиштето има изготвено четиригодишен план за развој на училиштето во кој јасно се дефинирани приоритетите но делумно се реализираат зацртаните цели според предвидената динамика. Планот за развој на училиштето е усвоен од страна на УО. Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализа на состојбата и искористување на потенцијалите на училиштето кои се опфатени во изработената самоевалуација. Со планот за евалуација се планираат начините на следење и вреднување на остварување на развојните цели, а за постигнатите цели се информираат само наставниците и локалната самоуправа.Училиштето има акциски планови за поставените цели, делумно ги спроведува и делумно ја следи реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

### СВОТ анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| -Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН;<br>-Изготвување на квалитетни годишни и дневни планирања со сите застапени пропишани елементи и форми;<br>-Училиштето реализира проширени програми за учениците;<br>-Следењето и анализирањето на успехот и редовноста на учениците;<br>-Редовно одржување на дополнителна и додатна настава<br>-Учениците родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување<br>-Училиштето поттикнува здрави животни стилови;<br>-Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности;<br>-Училиштето негува хуманост и толеранција кај најмладите;<br>-Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми;<br>-Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби;<br>-Училиштето има изградено квалитетна соработка со родителите;<br>-Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин;<br>-Секоја година учениците се информирани за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;<br>-Во нашето училиште наставниците се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може;<br>-Наставниците и учениците се грижат за учениците што имаат проблеми и помагаат да ги решат. за време на часот;<br>-Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење.<br>-Училиштето има демократски избрана училишна заедница, која учествува во донесувањето правила и одлуки што се | -Слаба мотивираност на учениците за учество на натпревари;<br>-Помош од страна на стручно лице за ученици со ПОП ( талентирани и со потешкотии) и поголема организираност на стручни теми и работилници за конкретни методи и форми за работа воучилница со ученици со ПОП;<br>-Недоволни знаења и вештини за користење на online платформите за далечинско учење, со цел олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците за време на вонредни состојби или кога ученикот оправдано отсуствува подолг временски период;<br>-Користење на онлајн платформи за примена на методи, форми, техники во наставата за учење од далечина;<br>-Мал број простории – училници<br>-Обученоста на наставниот кадар за работа со ученици со посебни потреби.<br>-Соработка, контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донација за потребите на училиштето. |

| | |
|---|---|
| однесуваат на животот на учениците во училиштето;<br>-Сите вработени во училиштето се запознаени со правата на децата и се практикуваат во пракса;<br>-Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници што живеат во РС Македонија;<br>-Секој ученик има можност да го изложи својот труд во просториите на училиштето и притоа присутни се елементи кои укажуваат на мултиетничкиот карактер на државата;<br>-Училниците се доволно просторни опремени со ТВ уреди, принтери, смарт и интерактивни табли со проектор, нови училишни табли кои помогнат занепречено одвивање на наставата и внесување на новини во истата;<br>-Училишниот двор редовно се одржува и разубавува со нови садници и цвеќе;<br>-Секоја година, се набавуваат нови средства и помагала, во зависност од потребите на наставата;<br>-Наставниците редовно посетуваат семинари, обуки, работилници и одржуваат десиминации и внесуваат новини во наставата. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| -Посветеноста на наставниците;<br>-Содветен наставен кадар;<br>-Професионален однос кон сите субјекти;<br>-Добро финансиско планирање за потребите на училиштето;<br>-Располагање со современи нагледни средства;<br>-Редовно следење и изготвување на анализи за состојбите во училиштето;<br>-Соработка и размена на идеи и мислења меѓу вработените;<br>-Контнуирана советодавна работа и консултации меѓу вработените. | -Немање доволно училници за изведување на кабинетска настава. |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈА:** Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење, воедно вложувајќи во континуиран развој на научно-истражувачката дејност.



**ВИЗИЈА:** Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон ученикот. Создавање на конкурентен национален образовен систем заснован на современи програми што овозможуваат стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент. Инвестициите во квалитетен образовен систем ќе бидат основа за забрзувањето на темпото на економски раст и поддршка кон определбите за вклучување во научно – истражувачки и иновативни процеси.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје** | „Наставни планови и програми“ и „ Училишна клима“ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 1.</u> Вклучување на учениците во вonнаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП**<br>**Развојна цел 1.1** Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност<br>**Развојна цел 1.2** Мотивирање на учениците со ПОП, да се вклучат во воннаставни активности според нивни интереси | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1 Имплементирање на програми за воннаставните активности во годишните наставни планови и програми** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Информираност на учениците и родителите за годишните планови и програми (делот за воннаставни активности). -Средби со родители и добивање писмена согласност за фотографирање и употреба на фотографиите за потребите на училиштето. | Навремена, целосна и достапна рамка на информации | Сите наставници кои предаваат во училиштето | септември, октомври, 2021 година | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.1.2 Изготвување и делење на печатени флаери и брошури на ниво на училиште за запознавање со активностите организирани од страна на училиштето преку СУА** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Формирање работна група;<br>-Изготвување и делење на печатени флаери и брошурина ниво на училиште за запознавањесо видот | Учениците преку флаери и брошури се запознати со СУА и со планот на активностите | Сите наставници, кои предаваат во училиштето | септември, октомври, 2021 година | хартија, компјутер (интернет), прибор за пишување | Комисија за Развојна програма за работа на основното |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на СУА и нивните активности<br>-Составување и спроведување на анкета,,Каде сакам да членувам? ”<br>-Анализа на анкетата | организирани од страна на училиштето преку СУА | | | | училиште |
| **Конкретна цел 1.1.3 Редовна реализација на часовите на СУА, подготовка и учество на натпревари и учество во одбележување на поважните датуми во училиштето и државата** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| -Формирање на секции, по избор на учениците<br>-Следење на работата на СУА и подготовки за натпревари: општински, регионални, државни,<br>-Настапи на аудио/визуелни медиуми, | Голем број на ученици задоволни, промовирани СУА пошироко од училиштето | Сите наставници, кои предаваат во училиштето | Учебна 2021/22 год. | Телефон, разглас, микрофони , озвучување, детски списанија, | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.1.4 Користење на медиуми, социјални мрежи, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Кочо Рацин“ – Нов Дојран** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| -Редовно постирање на активности/настапи, учество во и надвор од училиштето на СУА, на Веб страната на училиштето;<br>-Соработка со ТВ и учество во нивни емисии за деца и млади;<br>-Соработка и претставување на СУА во детскиот печат; | Активностите, постигањата на учениците редовно ги има во медиумите, социјалните мрежи и на веб страната на ООУ „Кочо Рацин – Нов Дојран“ | Сите наставници, кои предаваат во училиштето | Учебна 2021/22 год. | Компјутер, интернет, Телефон, Просветно дело – детски печат, ТВ – канали | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Приоритетно подрачје „Управување и раководење креирање политика“** | | | | | |
| Стратешка цел 1. Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето<br>Развојна цел 1.1. Доградба/надградба на училници во училиштето<br>Развојна цел 1.2. Доуредување на училишниот двор и спортските игралишта<br>Развојна цел 1.3. Изградба на детско инклузивно игралиште за деца со посебни образовни | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| потреби во склоп на училишниот двор во Нов Дојран<br>Развојна цел 1.4. Реконструкција на ЕКО фасада на училишната зграда во Нов Дојран | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1. Согледување на реализацијата до сега** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Размена на мислења за потребите одповеќе просторни услови. | Нови училници - поквалитетнан астава | Директор, претставници од УО иЛокална самоуправа | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.2.1. Реконструкција на спортските игралиште во ООУ„Кочо Рацин“- Нов Дојран** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Подготовка и планирање на проект за реконструкција на спортски игралишта | Нов изглед на спортски игралишта – поголема мотивација за спортски активности | Директор, претставници од УО иЛокална самоуправа | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.3.1. Изградба на детско инклузивно игралиште за деца со посебни образовни потреби во склоп на училишниот двор во Нов Дојран** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Подготовка и планирање на проект за изградба на детско инклузивно игралиште за деца со ПОП | Безбедно вклучување на ученици со ПОП во воннаставни и вонучилишни активности | Директор, претставници од УО иЛокална самоуправа | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.4.1. Реконструкција на ЕКО фасада на училишната зграда во Нов Дојран** | | | | | |
| Активности | Индикатори | Носители на | Временска | Потребни | Тим за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за успех | активностите | рамка за имплемента ција | ресурси | следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| Подготовка и планирање на реконструкција на ЕКО/Термо фасада на училишната зграда во Нов Дојран | Економски придобивки и позитивен ефект кон животната средина | Директор, претставници од УО иЛокална самоуправа | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Приоритетно подрачје „Подигање на квалитетот на наставата“** | | | | | |
| Стратешка цел: 1. Подигање на квалитетот на наставата<br>Развојнацел 1.1.Опремување на училиштето со современи наставни средства и помагала<br>Развојна цел 1.2.Зголемување на библиотечниот фонд и реорганизација на библиотеката во училиштето<br>Развојна цел 1.3.Опремување на кабинети според новите барања во образовниот процес<br>Развојна цел 1.4. Професионален развој на наставници и стручна служба за одржување квалитетна настава за ученици со посебни образовни потреби | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| - Опремување со проектори<br>- Опремување со смарт табли<br>- Опремување со наставни модели<br>- Набавка на лектири<br>- Набавка на литературни дела<br>- Набавка на двострани полици<br>- Опремување на лабораторија за настава по Природни науки | Поквалитетна настава со нови нови нагледни средства, ИКТ/ интерактивна опрема и библиотечен фонд | Директор, претставници од УО иЛокална самоуправа | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| **Конкретна цел 1.4.1. Професионален развој на наставници и стручна служба за одржување квалитетна настава за ученици со посебни образовни потреби** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента ција | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање и присуство на обуки/семинари/вебинари/конференции и тн. | Одржување на квалитетна настава на ученици со ПОП | Директор, стручна служба и сите наставници кои предаваат во училиштето | 2021 - 2025 | ИКТ опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор.

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците ќе планираат и релизираат наставни часови од одредени теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали. Овој период родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации. Во следниот период се планира да продолжи соработката со Советот на родители во сите сегменти на воспитно образовниот процес.

Советот на родители ќе учествува во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во Училишна заедница и Училишен одбор Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности кои се реализираат во нашето училиште.Училиштето соработката со родителите ќе ја остварува преку редовно информирање во однос на редовноста, однесувањето и оценувањето на учениците. Ваквата соработка ќе се реализира преку соопштенија, извештаи, анализи, презентации, организирани работилници, советувања и сл.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности преку заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците како што се: Детска градинка „Кокиче“, НВО, Локалната самоуправа, ЈПКД Полин, Здравствениот дом во Нов Дојран, МВР, Градска библиотека Гевгелија,Центар за социјална работа, Ресурсен центар за деца со посебни потреби – Струмица, и тн.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници и одбележување на значајни датуми. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други. Натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање на свечена приредба за прием на првачиња на која секогаш се поканети и претставници на локалната средина; по повод Денот на шегата изработка на маски и костими; свечена приредба за доделување на пакетчиња по повод Новогодишните празници за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства; организирање на културни манифестации од различен карактер; по повод Денот на дрвото засадување на садници; учество на натпревари по различни предмети на општинско ниво.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП | Континуирано следење на реализацијата на слободните ученички активности<br>Следење на подготовката и реализацијата на краткорочни активности (приредби, настапи и др. манифестации)<br>Следење на рамноправното вклучување на учениците по пол, етничка припадност и деца со ПОП | Одговорно лице на СУА и воннаставни активности | Директор, педагошко/психолошка служба, лидерите на тимовите за СУА |
| Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето, реконструкција на спортски игралишта, зголемување на библиотечен фонд, нагледни средства и опрема | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност. | Стручна служба | Директор |
| Професионален развој на наставници и стручна служба за одржување квалитетна настава за ученици со посебни образовни потреби | Континуирано следење на предвидениот план за професионален развој на наставниците | Директор/Стручна служба | Директор |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегментина планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:
-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;
-анкети со наставници, ученици и родители;
-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини.

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, Локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## 12. Заклучок

Новата учебна 2021/22 година започнува со реализација на нова развојна програма на училиштето која ќе опфати повеќе активности кои ќе се реализираат во период од четири години. За успешна реализација на сите активности содржани во подрачјата од воспитно – образовната работа на наставниците со учениците од сите нејзини аспекти формирани се осум тима во кои се опфатени сите наставници поделени по подрачја тоа:

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Подрачје 2: Постигања на учениците

Подрачје 3: Учење и настава

Подрачје 4: Подршка на учениците

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

Подрачје 6: Ресурси

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика

Подрачје 8: Комуникација и односи со јавноста

Самоевалуацијата ја изготвија вкупно осум тимови во кои се вклучени сите наставници. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е постигната, со конкретни анализи и осврти на сите области од работењето на училиштето која даде слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето,од кои произлегоа јаки, но и слаби страни. Од секое подрачје од слабите страни произлегоа вкупно три приоритети на ниво на училиште и тоа:

1. Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП;

2. Зголемување на библиотечниот фонд, нагледни средства и опрема;

3. Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето.

Тимовите од кои произлегоа приоритетите изготвија акциони планови со конкретниактивности за нивна реализација. Реализацијата на предвидените активности од наведените приоритети ќе ги следи комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Мирослав Бошнаков -директор/раководител
2. Стефани Шапкарова -психолог
3. Жаклина Кречева -педагог
4. Рисана Василева -одделенски наставник
5. Дана Упчева -одделенски наставник
6. Дејан Вичентијевиќ -предметен наставник
7. Марија Ангова Цветковска -предметен наставник
8. Тина Тасева - родител

## 14. Користена литература

1. Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2021/22 година;

2. Годишни извештаи за работата на училиштето;

3. Програма за работа на Директорот на училиштето;

4. Самоевалуација на училиштето за период од 2018-2020 година;

5. Извештај од извршена интегрална евалуација;

6. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште;

7. Индикатори за квалитет на работата на училиштата од МОН и ДПИ;

8. Алатки и инструменти за функционална самоевалуација на училиштата-Константин Петковски, Менка К. Михајлова, Елизабета Левеска

15. На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училишниот одбор.

Дата мп

04.08.2021 Директор

Мирослав Бошнаков

Претседател на УО

Снежана Кортова